ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

До: ЈЗУ УК за психијатрија – Скопје
Ул.Мајка Тереза бб - Скопје

Од: Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија – Скопје
Сектор за финансиски прашања

Дата: 28-11-2022 година
Број: 08-16001/

**Предмет: Одговор на доставдн приговор по Извештај од извршена вонредна контрола од страна на ФЗОРСМ**

Почитувани,

Во врска Вашиот приговор, Ве информираме, вонредната контрола по налог број 08-16001/1 од 28.10.2022 година е извршена врз основа на материјалите кои и се доставени на контролата од Вашата ЈЗУ, Извештаите за дежурства на доктори, Распореди за сменска работа на докторите, евиденција за дежурства во Рапортни тетратки, Анекси за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор потпишани од ЈЗУ и информации доставени на контролата од вработени во ЈЗУ.

Согласно законот за Здравствена заштита, член 216, ЈЗУ може да воведе дежурство со кое се обезбедува непрекината 24-часовна здравствена дејност, по претходно добиена согласност од министерот за здравство.

Исплатата на додатокот на плата за дежурство се однесува за докторот кој го обавува дежурството, согласно член 216, став 2, здравствениот работник кој дежура е должен да биде присутен во здравствената установа за време на траењето на дежурството.

Во врска Вашата нотирана забелешка во однос на констатацијата на контролата, ,,Утврдениот коефициент на сложеност, на организацискиот директор (8,070), не е во согласнот со Анексот за изменување и дополнување на Колективен договор за здравствена дејност на Република Македонија, објавен во Службен весник на РМ, број 32 од 07.02.2019 година" и наведеното во Вашиот приговор ,,Досега не сме добивале насоки за утврдување на коефициенти и исплата на плати на вработените според колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија", контролата Ви укажува на следното:

По Овластување број 17-110/1 од 02.01.2020 година, издадено од Министерот за здравство, медицинскиот директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје, има потпишано Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор со Самостојниот синдикат на вработени во Универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија, заверен со архивски број 03-15/1 од 02.01.2020 година во ЈЗУ.

Во член 2 од Анексот со Ваш број 03-15/1 од 02.01.2020 година, потпишан од медицинскиот директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје, стои:


Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk
[1] 08-16001/4 [2022]

,, На организацискиот директор на јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент:

- Здравствен дом со над 1000 вработени.........................5,721
- Институти...........................................................................6,107
- **Клинички болници, универзитетски болници и универзитетски клиники................6,379**
- Универзитетски клиники.................................................6,668 "

Поздрав,

**Директор**
**М-р Магдалена Филиповска Грашкоска**

**Директор/Drejtor**
**Faton Ahmeti Mr.sc.,MBA**

Изготвил: м-р Бедри Мемети
Цвете Јовановска
Контролирал: Снежана Ќовкароска Шилоска
Согласен: Миле Сугарев


Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk